| **K40** | **КУЛТУРНИ МАНИФЕСТАЦИИ И ТВОРЕШТВО** | **7.940.000** | **6.100.109** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.000.000** | **7.678.389** | **0** | **0** | **22.940.000** | **13.778.498** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.940.000** | **100,109** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.940.000** | **100,109** |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 210,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 210,000 | 0 |
| 425 | Договорни услуги | 600,000 | 6,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600,000 | 6,000 |
| 426 | Други тековни расходи | 1.130.000 | 94,109 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.130.000 | 94,109 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **6.000.000** | **6.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **15.000.000** | **7.678.389** | **0** | **0** | **21.000.000** | **13.678.389** |
| 464 | Разни трансфери | 6.000.000 | 6.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000.000 | 7.678.389 | 0 | 0 | 21.000.000 | 13.678.389 |

## Посебен дел на завршна сметка

## Ниво на: Ставка

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан. Активност | | Дотации | | Донации | | Кредити | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. |
| | | 507.060.000 | 291.031.085 | 48.370.000 | 23.757.183 | 377.179.000 | 358.669.562 | 27.900.000 | 8.544.496 | 0 | 0 | 960.509.000 | 682.002.326 |
| **L00** | **СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА** | **24.200.000** | **19.326.362** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **24.200.000** | **19.326.362** |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **4.280.000** | **3.879.728** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.280.000** | **3.879.728** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 1.280.000 | 1.126.283 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.280.000 | 1.126.283 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 3.000.000 | 2.753.445 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 2.753.445 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **16.920.000** | **15.446.634** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **16.920.000** | **15.446.634** |
| 463 | Трансфери до невладини организации | 16.820.000 | 15.413.300 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.820.000 | 15.413.300 |
| 464 | Разни трансфери | 100,000 | 33,334 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100,000 | 33,334 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **3.000.000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **3.000.000** | **0** |
| 482 | Други градежни објекти | 3.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.000.000 | 0 |

# Посебен дел на завршна сметка

## Ниво на: Ставка

| Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализ. | Самофинан. Активност План | Самофинан. Активност Реализ. | Дотации План | Дотации Реализ. | Донации План | Донации Реализ. | Кредити План | Кредити Реализ. | Вкупно План | Вкупно Реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 507.060.000 | 291.031.085 | 48.370.000 | 23.757.183 | 377.179.000 | 358.669.562 | 27.900.000 | 8.544.496 | 0 | 0 | 960.509.000 | 682.002.326 |
| **N10** | **ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **0** | **0** | **2.525.000** | **894,018** | **167.294.000** | **160.402.334** | **0** | **0** | **0** | **0** | **169.819.000** | **161.296.352** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **144.294.000** | **142.821.103** | **0** | **0** | **0** | **0** | **144.294.000** | **142.821.103** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 105.219.000 | 104.251.057 | 0 | 0 | 0 | 0 | 105.219.000 | 104.251.057 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.075.000 | 38.570.046 | 0 | 0 | 0 | 0 | 39.075.000 | 38.570.046 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **2.051.000** | **780,151** | **17.108.000** | **15.374.367** | **0** | **0** | **0** | **0** | **19.159.000** | **16.154.518** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 110,000 | 14,670 | 58,000 | 27,160 | 0 | 0 | 0 | 0 | 168,000 | 41,830 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 638,000 | 273,055 | 12.177.000 | 10.500.749 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.815.000 | 10.773.804 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 398,000 | 164,810 | 1.504.000 | 1.444.287 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.902.000 | 1.609.097 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 317,000 | 121,112 | 859,000 | 770,282 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.176.000 | 891,394 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 378,000 | 85,375 | 2.110.000 | 2.283.352 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.488.000 | 2.368.727 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 210,000 | 121,129 | 400,000 | 348,537 | 0 | 0 | 0 | 0 | 610,000 | 469,666 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **60,000** | **0** | **680,000** | **320,448** | **0** | **0** | **0** | **0** | **740,000** | **320,448** |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 0 | 60,000 | 0 | 680,000 | 320,448 | 0 | 0 | 0 | 0 | 740,000 | 320,448 |
| **47** | **СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **105,000** | **30,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **105,000** | **30,000** |
| 471 | Социјални надоместоци | 0 | 0 | 0 | 0 | 105,000 | 30,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 105,000 | 30,000 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **414,000** | **113,867** | **5.107.000** | **1.856.416** | **0** | **0** | **0** | **0** | **5.521.000** | **1.970.283** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 10,000 | 10,000 | 156,000 | 152,780 | 0 | 0 | 0 | 0 | 166,000 | 162,780 |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 0 | 404,000 | 103,867 | 4.880.000 | 1.636.141 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.284.000 | 1.740.008 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 27,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 30,000 | 27,000 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 0 | 0 | 41,000 | 40,495 | 0 | 0 | 0 | 0 | 41,000 | 40,495 |

# Посебен дел на завршна сметка

## Ниво на: Ставка

| Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализ. | Самофинан. Активност План | Самофинан. Активност Реализ. | Дотации План | Дотации Реализ. | Донации План | Донации Реализ. | Кредити План | Кредити Реализ. | Вкупно План | Вкупно Реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **507.060.000** | **291.031.085** | **48.370.000** | **23.757.183** | **377.179.000** | **358.669.562** | **27.900.000** | **8.544.496** | **0** | **0** | **960.509.000** | **682.002.326** |
| **N20** | **СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ** | **0** | **0** | **10.090.000** | **3.410.172** | **131.143.000** | **125.757.398** | **0** | **0** | **0** | **0** | **141.233.000** | **129.167.570** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **95.343.000** | **92.041.517** | **0** | **0** | **0** | **0** | **95.343.000** | **92.041.517** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.548.000 | 67.190.208 | 0 | 0 | 0 | 0 | 69.548.000 | 67.190.208 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.795.000 | 24.851.309 | 0 | 0 | 0 | 0 | 25.795.000 | 24.851.309 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **9.010.000** | **3.331.750** | **35.160.000** | **33.269.015** | **0** | **0** | **0** | **0** | **44.170.000** | **36.600.765** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 500,000 | 77,370 | 100,000 | 50,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600,000 | 127,370 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 1.745.000 | 811,453 | 10.585.000 | 8.497.014 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.330.000 | 9.308.467 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 3.195.000 | 1.501.652 | 1.110.000 | 1.091.652 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.305.000 | 2.593.304 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 1.400.000 | 143,384 | 615,000 | 601,525 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.015.000 | 744,909 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 1.690.000 | 688,278 | 22.670.000 | 22.971.108 | 0 | 0 | 0 | 0 | 24.360.000 | 23.659.386 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 480,000 | 109,613 | 80,000 | 57,716 | 0 | 0 | 0 | 0 | 560,000 | 167,329 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **100,000** | **38,700** | **480,000** | **288,346** | **0** | **0** | **0** | **0** | **580,000** | **327,046** |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 0 | 100,000 | 38,700 | 480,000 | 288,346 | 0 | 0 | 0 | 0 | 580,000 | 327,046 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **980,000** | **39,722** | **160,000** | **158,520** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.140.000** | **198,242** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 640,000 | 39,722 | 70,000 | 68,920 | 0 | 0 | 0 | 0 | 710,000 | 108,642 |
| 481 | Градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 70,000 | 70,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70,000 | 70,000 |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 0 | 150,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 150,000 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 140,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 140,000 | 0 |
| 485 | Вложувања и нефинансиски средства | 0 | 0 | 50,000 | 0 | 20,000 | 19,600 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70,000 | 19,600 |

# Посебен дел на завршна сметка

## Ниво на: Ставка

| Кат. / Ставка / Потставка | О П И С | Буџет План | Буџет Реализ. | Самофинан. Активност План | Самофинан. Активност Реализ. | Дотации План | Дотации Реализ. | Донации План | Донации Реализ. | Кредити План | Кредити Реализ. | Вкупно План | Вкупно Реализ. |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 507.060.000 | 291.031.085 | 48.370.000 | 23.757.183 | 377.179.000 | 358.669.562 | 27.900.000 | 8.544.496 | 0 | 0 | 960.509.000 | 682.002.326 |
| **V10** | **ДЕТСКИ ГРАДИНКИ** | **0** | **0** | **33.505.000** | **18.810.777** | **68.680.000** | **62.792.488** | **670,000** | **361,107** | **0** | **0** | **102.855.000** | **81.964.372** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.180.000** | **57.743.183** | **0** | **0** | **0** | **0** | **60.180.000** | **57.743.183** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 43.895.000 | 42.115.798 | 0 | 0 | 0 | 0 | 43.895.000 | 42.115.798 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.285.000 | 15.627.385 | 0 | 0 | 0 | 0 | 16.285.000 | 15.627.385 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **0** | **0** | **29.115.000** | **17.828.412** | **7.420.000** | **4.593.019** | **670,000** | **361,107** | **0** | **0** | **37.205.000** | **22.782.538** |
| 420 | Патни и дневни расходи | 0 | 0 | 470,000 | 300,190 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 470,000 | 300,190 |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 0 | 0 | 3.760.000 | 2.551.327 | 6.750.000 | 3.991.447 | 0 | 0 | 0 | 0 | 10.510.000 | 6.542.774 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 0 | 0 | 19.531.000 | 12.419.849 | 0 | 0 | 670,000 | 361,107 | 0 | 0 | 20.201.000 | 12.780.956 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 0 | 0 | 1.960.000 | 890,108 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.960.000 | 890,108 |
| 425 | Договорни услуги | 0 | 0 | 2.154.000 | 1.231.327 | 670,000 | 601,572 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.824.000 | 1.832.899 |
| 426 | Други тековни расходи | 0 | 0 | 880,000 | 435,611 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 880,000 | 435,611 |
| 427 | Привремени вработувања | 0 | 0 | 360,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 360,000 | 0 |
| **46** | **СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | **0** | **0** | **230,000** | **15,000** | **557,000** | **456,286** | **0** | **0** | **0** | **0** | **787,000** | **471,286** |
| 464 | Разни трансфери | 0 | 0 | 230,000 | 15,000 | 557,000 | 456,286 | 0 | 0 | 0 | 0 | 787,000 | 471,286 |
| **48** | **КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | **0** | **0** | **4.160.000** | **967,365** | **523,000** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **4.683.000** | **967,365** |
| 480 | Купување на опрема и машини | 0 | 0 | 1.490.000 | 859,965 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.490.000 | 859,965 |
| 481 | Градежни објекти | 0 | 0 | 900,000 | 0 | 523,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.423.000 | 0 |
| 482 | Други градежни објекти | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 483 | Купување на мебел | 0 | 0 | 850,000 | 107,400 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 850,000 | 107,400 |
| 486 | Купување на возила | 0 | 0 | 920,000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 920,000 | 0 |

# Посебен дел на завршна сметка

## Ниво на: Ставка

| Кат. Ставка Потставка | О П И С | Буџет | | Самофинан. Активност | | Дотации | | Донации | | Кредити | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 507.060.000 | 291.031.085 | 48.370.000 | 23.757.183 | 377.179.000 | 358.669.562 | 27.900.000 | 8.544.496 | 0 | 0 | 960.509.000 | 682.002.326 |
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. |
| **W00** | **ПРОТИВПОЖАРНА ЗАШТИТА** | **1.750.000** | **702,984** | **0** | **0** | **6.743.000** | **6.634.525** | **0** | **0** | **0** | **0** | **8.493.000** | **7.337.509** |
| **40** | **ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.743.000** | **6.634.525** | **0** | **0** | **0** | **0** | **6.743.000** | **6.634.525** |
| 401 | Основни плати | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.680.000 | 4.635.769 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.680.000 | 4.635.769 |
| 402 | Придонеси за социјално осигурување | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.063.000 | 1.998.756 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.063.000 | 1.998.756 |
| **42** | **СТОКИ И УСЛУГИ** | **1.750.000** | **702,984** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **0** | **1.750.000** | **702,984** |
| 421 | Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 980,000 | 615,415 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 980,000 | 615,415 |
| 423 | Материјали и ситен инвентар | 240,000 | 2,013 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 240,000 | 2,013 |
| 424 | Поправки и тековно одржување | 530,000 | 85,556 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 530,000 | 85,556 |

Член 4

Општиот дел на Годишната сметка на Буџетот на Општина Штип за 2017 година се објавува во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1795/1
15 март 2018 година
Ш т и п

Совет на Општина Штип
Претседател
Јане Миланов, с. р.

202.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ
НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Годишната сметка на ООУ „Гоце Делчев“-Штип за 2017 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1796/2
20 март 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

203.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), а во врска со член 126 став 1 алинеја 6 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и врз основа на член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03,

18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 15 март 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА
НА ООУ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ"-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Не се усвојува Годишната сметка на ООУ „Гоце Делчев"-Штип за 2017 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 08-1796/1 Совет на Општина Штип
15 март 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

204.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип" број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ
НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ООУ „ВАНЧО ПРКЕ"-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Годишната сметка на ООУ „Ванчо Прке"-Штип за 2017 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-1797/2 Општина Штип
20 март 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

205.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), а во врска со член 126 став 1 алинеја 6 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и врз основа на член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 15 март 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА
НА ООУ „ВАНЧО ПРКЕ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Не се усвојува Годишната сметка на ООУ „Ванчо Прке“-Штип за 2017 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

| | |
|---|---|
| Број 08-1797/1 | Совет на Општина Штип |
| 15 март 2018 година | Претседател |
| Ш т и п | Јане Миланов, с. р. |

206.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ
НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ООУ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Годишната сметка на ООУ „Славејко Арсов“-Штип за 2017 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1798/2 Општина Штип
20 март 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

207.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), а во врска со член 126 став 1 алинеја 6 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и врз основа на член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 15 март 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА
НА ООУ „СЛАВЕЈКО АРСОВ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Не се усвојува Годишната сметка на ООУ „Славејко Арсов“-Штип за 2017 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1798/1 Совет на Општина Штип
15 март 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

208.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ
НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ООУ „ТОШО АРСОВ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Годишната сметка на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за 2017 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1799/2
20 март 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

209.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), а во врска со член 126 став 1 алинеја 6 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и врз основа на член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 15 март 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА
НА ООУ „ТОШО АРСОВ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Не се усвојува Годишната сметка на ООУ „Тошо Арсов“-Штип за 2017 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1799/1 Совет на Општина Штип
15 март 2018 година Претседател
Ш т и п Јане Миланов, с. р.

210.

Врз основа на член 50 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), донесувам

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОК ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ
НА ГОДИШНА СМЕТКА НА ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Се објавува Заклучокот за не усвојување на Годишната сметка на ООУ „Димитар Влахов“-Штип за 2017 година.

II

Ова Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1800/2 Општина Штип
20 март 2018 година Градоначалник
Ш т и п Благој Бочварски, с. р.

211.

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” број 05/02), а во врска со член 126 став 1 алинеја 6 од Законот за основното образование („Службен весник на РМ“ број 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 06/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16 и 67/17) и врз основа на член 21 став 1 точка 24 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип” број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), Советот на Општина Штип на седницата одржана на 15 март 2018 година, донесе

З А К Л У Ч О К
ЗА НЕ УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНА СМЕТКА
НА ООУ „ДИМИТАР ВЛАХОВ“-ШТИП
ЗА 2017 ГОДИНА

I

Не се усвојува Годишната сметка на ООУ „Димитар Влахов“-Штип за 2017 година.

II

Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 08-1800/1 Совет на Општина Штип
15 март 2018 година Претседател
Штип Јане Миланов, с. р.

212.

Врз основа на член 50 став 1 точка 16, а во врска член 22 став 1 точка 5 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ број 05/02), член 15 став 1 точка 5 и член 36 став 1 алинеја 10 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14) градоначалникот на Општина Штип, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕ И РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ НА МУЗИКА „МАКФЕСТ”-ШТИП

Член 1

Со овој Правилник се утврдува начинот на организирање и реализација на Фестивалот на музика „Макфест”-Штип, организациската структура на фестивалот, условите за изготвување на композиција, постапката и критериуми за избор на композиции.

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 2

Фестивалот „Макфест” својата долга и плодна историја ја започна во далечната 1986 година каде на иницијатива на Културно-просветната заедница на Штип и со Одлука на Собранието на Општина Штип го започна својот долг пат на создавање и негување на забавната музика испеана на македонски литературен јазик. Фестивалот на музика „Макфест” како една од најреномираните музички манифестации во својот континуитет на постоење од три децении годишно продуцира триесеттина нови композиции на забавна шлагерска музика мотивирајќи и ангажирајќи ги речиси сите креативни, творечки потенцијали во Република Македонија. На тој начин овој фестивал зад себе остави околу илјада нови композиции и стотици евергрини.

Организатор на Фестивалот „Макфест”-Штип е Општина Штип, која преку годишните програми за култура во рамките на надлежностите кои ги има во делот на Традиционални манифестации кои ги организира општината го има утврдено и неговото годишно реализирање.

## 2. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ФЕСТИВАЛОТ

Член 3

Организациската структура на Фестивалот „Макфест”-Штип го сочинуваат:

1. Уметнички директор на фестивалот;
2. Технички директор на фестивалот и
3. Стручен тим на фестивалот

Член 4

**1. Уметнички директор**

- Уметнички директор на фестивалот се избира по пат на Конкурс кој го распишува градоначалникот на Општина Штип во кој се дефинирани точните и јасни критериуми за избор;
- Изборот на уметничкиот директор го врши градоначалникот на Општина Штип по завршената процедура за реализација на изборот и направените интервјуа;
- Директорот треба да има најмалку 5 години искуство во дејноста, лице стручно во делот на музичката уметност-(што се потврдува со диплома за завршен факултет/академија за музичка уметност), да има создадено како автор на музика, односно автор на аранжман, и со конкретна детална програма и свои видувања за развојот на Фестивалот.

Член 5

Изборот на директорот го врши градоначалникот на Општина Штип, по претходно завршената процедура за реализација на изборот и направените интервјуа од градоначалникот.

Директорот има мандат од една година;

Член 6

**2. Извршен директор**

- Извршниот директор на фестивалот го назначува градоначалникот на Општина Штип од редот на вработените во Општина Штип;

- Извршниот директор составува оперативен тим кој ќе ја спроведе работата;

- Директорот треба да има најмалку 5 години искуство во дејноста, и да достави детална програма и свои видувања за развојот на Фестивалот.

Член 7

Дирекцијата на Фестивалот по реализацијата на Фестивалот поднесува единствен извештај за реализираниот Фестивал пред Советот на Општина Штип.

Член 8

Со избраниот уметнички директор градоначалникот на Општина Штип склучува договор со кој поблиску се определуваат правата и обврските.

Член 9

Сите набавки кои треба да се реализираат за потребите на Фестивалот организаторот, Општина Штип ги врши согласно Законот за јавни набавки по претходно спроведена постапка.

Член 10

**3. Стручен тим на фестивалот**

Стручниот тим се формира од лица стручни во делот на музичката уметност по предлог на уметничкиот директор.

За членови на стручниот тим може да бидат избрани автори (музика, текст и аранжман) музички уредници во радиодифузни организации кои ги исполнуваат следниве критериуми:

**за автори** - да има создадено како автор на музика, односно автор на текст, односно автор на аранжман, односно текстови, односно аранжмани;

**за музички уредници** - да има работно искуство како музички уредник во радиодифузна организација.

## 3. ПОДАТОЦИ ЗА КОНКУРСОТ

Член 11

Општина Штип спроведува меѓународен Конкурс за избор на композиции за фестивалот Макфест-Штип.

Конкурсот ќе биде објавен на најмалку една половина од страницата во дневен весник.

Конкурсот да биде објавен и на веб локацијата на Општина Штип, на Фестивалот, на Министерството за култура и на МРТВ. Покрај електронските објави, конкурсот ќе се емитува на МРТВ 1 во времетраење од 20 дена со најмалку едно емитување на ден во кој ќе бидат соопштени сите критериуми. Оваа објава на јавниот сервис ќе биде без надомест.

## 4. СЕЛЕКЦИЈА НА ПЕСНИТЕ ЗА УЧЕСТВО НА ФЕСТИВАЛОТ

Член 12

Композициите на фестивалите ќе бидат селектирани на транспарентен начин кој подразбира непристрасно одлучување за учесниците на Фестивалот. За таа цел, предвидено е уметничкиот директор на фестивалот да формира

селекциона комисија која го преслушува пристигнатиот материјал и предлага композиции за учество на Фестивалот. Бројот на членовите на комисијата да не е поголем од три (3) члена од кој еден е претставник на организаторот.

Член 13

По изготвувањето на предлог листата составена од 28 композиции се објавува заедно со учесниците на Фестивалот. По изготувањето на финалната листа на 28 учесници, директорот на Фестивалот, на јавна и транспарентна прес конференција и со директен пренос ги соопштува учесниците, а по лотариски пат, го избира редоследот на настапување на Фестивалот.

Член 14

Членовите на стручните комисии, пред започнувањето на постапката за одлучување по конкурсот, се должни да дадат писмена изјава со која под целосна материјална, морална и кривична одговорност изјавуваат дека немаат судир на интереси со поднесените барања на конкурсот.

На членовите на стручната комисија за извршената работа им следува поединечен паричен надомест.

Член 15

Организаторот го задржува правото заради несоодветни и недоволно квалитетни предлози пристигнати на Конкурсот, да нарача композиции од домашни или странски автори.

Нарачаните композиции се преслушуваат од страна на уметничкиот директор на уметничкиот директор.

## 5. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ФЕСТИВАЛОТ

Член 16

По направениот избор, организаторот на Фестивалот склучува поединечни договори со сите учесници и автори и ја изработува постпродукцијата на композициите. Изборот на студиото и продуцентите на материјалот е должност на организаторот на Фестивалот.

Член 17

Фестивалот ќе се реализира во три натпреварувачки вечери, две полуфинални и една финална вечер.

Член 18

На **првата полуфинална фестивалска вечер** ќе бидат изведени 14 композиции. Веднаш по завршувањето на музичкиот дел, се врши избор на 9 композиции кои ќе одат во финалната вечер.

Изборот на композиции се врши со гласањето по пат на: телевоутинг; гласови на публиката во салата и гласови од жири.

Телевоутингот ќе биде по принцип: еден телефонски број - еден глас, односно од ист телефонски број нема да биде возможно да се испратат повеќе гласови за исти или различни песни. Процесот на гласање е во времетраење од 10 минути и во него ќе учествуваат сите национални оператори.

Гласовите од публиката се на база еден билет еден глас.

Жири комисијата е составена од компетентни лица и брои три (3) члена.

**Во втората полуфинална фестивалска вечер** ќе настапат вторите 14 композиции. По истиот принцип од првата вечер ќе бидат избрани 9 финалисти кои заедно со финалистите од првата вечер, ќе настапат на третата финална вечер.

Член 19

**Во финалната вечер (трета вечер)**, настапуваат композициите кои добиле најмногу гласови во двете полуфинални вечери. Изборот на победничките композиции се прави по пат на телевоутинг во времетраење од 10 минути веднаш по завршување на фестивалската вечер. На овие бодови се додаваат гласовите на публиката во салата и гласовите од жирито во соодност 1/3.

## 6. НАГРАДИ

Член 20

На фестивалот ќе се доделуваат шест парични награди, и тоа:

- 1 награда 4.000 евра, која ќе биде доделена според вкупниот број на освоени гласови;
- 2 награда 3.000 евра која ќе биде доделена според вкупниот број на освоени гласови;
- 3 награда 1.500 евра која ќе биде доделена според вкупниот број на освоени гласови;
- Награда за најдобар аранжман „Драган Ѓаконовски-Шпато” во висина од 500 евра која ќе се додели на најдобриот аранжер согласно одлуката донесена од стручната комисија;
- Награда за најдобра вокална интерпретација 500 евра која ќе се додели на најдобриот интерпретатор согласно одлуката донесена од стручната комисија;
- Награда за најдобар сценски настап во висина од 500 евра, која ќе се додели на најдобриот интерпретатор согласно одлуката донесена од стручната комисија;
- Награда за најдобар дебитант на Фестивалот во висина од 500 евра која ќе се додели на најдобриот интерпретатор согласно одлуката донесена од стручната комисија.

## 7. МЕДИУМСКИ ПОКРОВИТЕЛ

Член 21

Организаторот на фестивалот – Општина Штип ќе склучи Договор со Јавниот сервис Македонска радио телевизија за медиумско спонзорство. Со

договорот, Националниот сервис се обврзува без надомест да го емитува Конкурсот за фестивалот. По завршувањето на Фестивалот, МРТВ ќе има обврска да ги емитува песните од Фестивалот и тоа по следниот редослед:

- Сите песни од Фестивалот во период од два месеца со динамика едно емитување во два дена;
- Првопласираните седум песни во период од три месеци со динамика две емитувања на ден;
- Првонаградените три песни во период од четири месеци со динамика три емитувања на ден;
- Првонаградената песна во период од четири месеци со динамика четири емитувања на ден.

Член 22

Покрај медиумското покровителство, организаторот е должен да склучи договор со МРТВ во кој ќе бидат прецизно содржани параметрите за соработка и тоа:

- Учество на ревискиот оркестар за реализација на фестивалот „Макфест”-Штип без надомест;
- Пренос на фестивалската програма во живо од двете вечери без надомест.

## 8. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Општина Штип го распишува меѓународниот конкурс од член 11 на овој правилник најкасно до месец февруари.

## 9. РОК И УСЛОВИ ЗА УЧЕСТВО НА КОНКУРСОТ

Член 24

Конкурсниот рок за поднесување на композициите е два месеца од објавувањето на конкурсот најдоцна до 12 часот.

На конкурсот може да учествуваат домашни и странски физички и правни лица. Сите заинтересирани учесници кои ги поседуваат потребните квалификации и кои сакаат да се изразат со својот квалитет, способност и креативна идеја, имаат право да учествуваат на конкурсот.

Член 25

**Учесниците треба да ги приложат следните докази**:

Со пријавата подносителот на композицијата задолжително треба да достави:

- Склучен договор со авторот на музиката, авторот на текстот, авторот на аранжманот.

- Во прилог на пријавата, задолжително да се достави изјава од подносителот на песната на Конкурсот за точниот износ на распределба на наградата по проценти која е наменета за: изведувачот, авторот на музика, изведувачот, авторот на текстот и авторот на аранжманот Доколку изведувачот е автор на музиката, односно текстот, односно аранжманот, треба да достави изјава дека тој е автор на музиката односно текстот односно аранжманот.

- Авторскиот тим задолжително поднесува изјава од авторот на музиката, авторот на текстот и авторот на аранжманот дека доставената композиција не била претходно изведена.
- Писмена изјава од подносителот за точна процентуална распределба на наградниот фонд, потпишана своерачно.

Адреса за доставување: Општина Штип, ул. „Васил Главинов" 4Б, 2000 Штип.

Член 26

Конкурсниот труд да биде доставен во затворен плик со назнака: **За Конкурсот за композиција на фестивалот на музика Макфест со шифра и назнака „НЕ ОТВОРАЈ".**

Податоците за авторскиот и изведувачкиот тим треба посебно да се наведат во посебен затворен плик приложен со документацијата со назнака „АВТОР" и „ИЗВЕДУВАЧКИ ТИМ" – поединец или група и назначен со истата шифра. Целата документација се доставува во два примерока.

За избор на композициите кои ќе учествуваат на Фестивалот, ќе се формира стручен тим кој ќе ги избере композициите кои ќе се изведуваат на Фестивалот.

Член 27

Општината со избраните автори и изведувачи на Конкурсот за избор на композиција на фестивалот ќе склучи договор и на истите ќе им биде исплатено по 43.000 денари (700 евра), надомест.

Со предавањето на композицијата, авторот ќе го пренесе правото на Организаторот за нејзино графичко печатење, за прва јавна изведба, за пренос преку радио-телевизиски станици, за снимање на носачи на звук и слика или сиве овие права, односно некои од овие права ќе ги пренесе на трети лица. Организаторот ќе стане сопственик на фонограмот што ќе биде снимен.

Пост продукцијата на сите примени композиции ја реализира организаторот.

Организаторот нема обврска да им ги врати на авторите композициите што нема да бидат прифатени

**10. УСЛОВИ ЗА ИЗГОТВУВАЊЕ НА КОМПОЗИЦИЈА**

Член 28

Авторите се должни да доставаат оригинална композиција напишана и досега неизведена.

Изведбата на избраните композиции на Фестивалот ќе биде во живо со придужба на ревискиот оркестар. Избраните песни ќе бидат снимени во студиото на МРТВ.

Еден автор на музика и текст може да конкурира најмногу со две композиции.

**11. КРИТЕРИУМИ ЗА ИЗБОР**

Член 29

**Општи критериуми за избор**

На конкурсот нема да бидат поддржани композиции со текстови во кои се промовира говор на омраза, кршење на човековите права или се заговара употреба на дрога, алкохол и коцка;

Оригиналност и иновативност на авторот на композицијата.

Квалитетот на песните треба да биде во соодност со реномето и квалитетот на Фестивалот.

Композициите треба да се напишани за глас и ревиски оркестар во духот на македонскиот евергрин - шлагер со широки распеани медитерански рефрени, во духот на новосоздадената забавна македонска песна. Композицијата треба да биде оригинална и досега неизведена.

Композициите доставени на Конкурсот не треба да се подолги од 3'.30".

**Посебни технички критериуми**

1. Композицијата се доставува во два идентични клавирски изводи со испишани хармонски симболи и впишан текст.
2. Еден примерок на текст.
3. Демо снимка се доставува на ЦД.

Член 30

Со донесувањето на овој Правилник престануваат да важат Правилникот за начинот на организирање и реализација на Фестивалот на музика „Макфест"-Штип број 08-3121 од 24.04.2014 година и Правилникот за измена на Правилникот за начинот на организирање и реализација на Фестивалот на музика „Макфест"-Штип број 09-684/1 од 27.01.2015 година и број 09-1042/1 од 10.02.2017 година.

Член 31

Овој Правилник влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип".

Број 09-1248/1
20 февруари 2018 година
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

213.

Врз основа на член 124 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15 ,150/15, 192/15, 27/16,163/17 И 12/18) и член 51 став 3 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ДИРЕКТОР НА
ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“-ШТИП

1. Илија Митров **се разрешува** од должноста директор на Општинската Јавна установа за деца - Детска градинка „Астибо“-Штип сметано од 09.03.2018 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 124 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16,163/17 и 12/18) директорот на јавна установа за деца може да биде разрешен на негово барање.

На ден 09.03.2018 година до градоначалникот на Општина Штип поднесено е барање од директорот на Општинската јавна установа за деца - Детска градинка „Астибо“-Штип, Илија Митров број 09-1672/1, со кое бара да биде разрешен од функцијата.

Поради горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение незадоволната страна има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-1672/2
9 март 2018
Ш т и п

Општина Штип
Градоначалник
Благој Бочварски, с. р.

214.

Врз основа на член 51 став 3 од Статутот на Општина („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), а во врска со член 126 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 12/18), градоначалникот на Општина Штип, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ВРШИТЕЛ НА ДОЛЖНОСТА
ДИРЕКТОР НА ОПШТИНСКА ЈАВНА УСТАНОВА ЗА ДЕЦА
ДЕТСКА ГРАДИНКА „АСТИБО“-ШТИП

1. За вршител на должноста директор на Општинската јавна установа за деца Детска градинка „Астибо“-Штип **се именува Билјана Трајчевска**.

2. Вршителот на должноста директор, ќе ги врши работите сметано од 12.03.2018 година до завршување на постапката за избор на директор на установата, а најдолго за шест месеци.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

О б р а з л о ж е н и е

Согласно член 120 став 11 од Законот за заштита на децата („Службен весник на РМ“ број 23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17 и 12/18) директор на јавна установа за деца се избира, односно именува за време од 4 (четири) години.

Согласно член 124 алинеја 1 од истиот закон, поради лично барање на претходниот директор Илија Митров му престанува мандатот сметано од 09.03.2018 година.

Согласно член 126 од законот градоначалникот во рок од три дена од денот на разрешувањето на директорот, именува вршител на должноста директор од редот на вработените на установата кој ги исполнува условите за директор и кој ги врши работите на директор до именување на нов директор, најмногу до шест месеци од денот на неговото именување.

Поради горе наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Упатство за правно средство**:

Против ова решение незадоволната страна има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Број 09-1672/3     Општина Штип
12 март 2018     Градоначалник
Ш т и п     Благој Бочварски, с. р.

215.

Врз основа на член 51 од Статутот на Општина Штип („Службен гласник на Општина Штип“ број 01/03, 18/07, 11/08, 07/09, 16/09, 04/11 и 13/14), градоначалникот на Општина Штип, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КОМИСИЈА ЗА ИЗБОР
НА НАЈУБАВИ ИЗРАБОТКИ ОД ХАРТИЈА ПО ПОВОД
22 МАРТ-ДЕНОТ НА ПРОЛЕТТА

Член 1

Се формира Комисија за избор на најубави изработка од хартија по повод 22 март-Денот на пролетта со следниот состав:

1. Љубица Спасова, ДСУ за образование и рехабилитација „Искра“
2. Маја Ашкилова, Општина Штип
3. Никола Бојаџиев, ООУ „Ванчо Прќе“

Член 2

Комисијата има обврска да ги прегледа пристигнатите изработки од хартија и да изврши избор на најуспешните.

Член 3

Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Штип“.

Број 09-1397/1     Општина Штип
12 март 2018 година     Градоначалник
Ш т и п     Благој Бочварски, с. р.